АНАЛИЗА

# УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

**Уредници:**

**Дане Талески**

**Мила Царовска**

**Скопје, 04 септември 2013**



# УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА


**Абстракт**

Граѓаните го имаат централното место во демократијата. Зголемувањето на нивното учество и влијание во политичките процеси е централно за подобрувањето на демократијата. За да ги оцени состојбите во Македонија, Институтот за социјална демократија “Прогрес“ и Македонската платформа против сиромаштија (МППС), поддржани од Фондацијата Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје, за време на локалните избори во март и април 2013 година спроведоа истражување и набљудување на изборниот процес. Во истражувањето беа опфатени 20 општини низ целата држава поделени во 3 региони. Истражувањето го опфати предизборниот период, а посебно се фокусираше на денот на избори. Главниот заклучок е дека локалните избори не беа фер и демократски. Постојат сериозни препреки во медиумската сфера, нејасна одвоеност меѓу државата и владејачката партија, пропусти во избирачкиот список и сериозни повреди на изборното законодавство на изборниот ден кои остануваат несанкционирани. Публикацијата нуди детална анализа на состојбите и препораки како да се подобри демократијата и да се зголеми учеството и влијанието на граѓаните во политичките процеси.



**Abstract**

Citizens have central place in democracy. Increasing their participation and influence in political processes is pivotal for improving democracy. To asses the situation in Macedonia the Institute for Social Democracy “Progres” and the Macedonian Anti-Poverty Platform (MAPP), supported by the Foundation Friedrich Ebert – Office Skopje conducted a research and observation during the local elections in March and April 2013. The research covered 20 municipalities divided in 3 region in the entire country. The research looked at the pre-electoral period, and special focus was given to election day. The main conclusion is that the local elections were not fair and democratic. There are serious impediments in the media sphere, unclear division between the state and the ruling party, inconsistencies in the voter registry and serious breaches of electoral legislation on election day which remains unsanctioned. The publication offers a detail analysis of the situation and recommendations how to improve democracy and increase the participation and influence of the citizens in political processes.

**КРАТКА СОДРЖИНА**
**TABLE OF CONTENT**


4 **Вовед**
Дане Талески и Мила Царовска

Introduction
Dane Taleski and Mila Carovska

10 **Локалните избори во општини од северо-источен регион (Центар, Карпош, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Куманово)**
Мила Царовска

Local election in municipalities from Northern-Eastern region (Center, Karposh, Aerodrom, Kisela Voda, Gazi Baba, Kumanovo)
Mila Carovska

18 **Локалните избори во општини од јужен и западен регион (Охрид, Прилеп, Битола, Крушево, Ресен, Гевгелија, Струмица)**
Катерина Касовска

Local election in municipalities from Southern and Western region (Ohrid, Prilep, Bitola, Krushevo, Resen, Gevgelija, Strumica)
Katerina Kasovska

25 **Локалните избори во општини од централен и источен регион (Велес, Кавадарци, Неготино, Штип, Кочани, Берово, Делчево)**
Мартин Печијарески

Local election in municipalities from Central and Eastern region (Veles, Kavadarci, Negotino, Stip, Kochani, Berovo, Delchevo)
Martin Pechijareski

32 **Повреди на изборното законодавство за време на локалните избори 2013**
Александар Љ. Спасов

Breaches of the electoral legislation during the local elections in 2013
Aleksandar Lj. Spasov

37 **Заклучок и препораки**
Дане Талески

Conclusion and recommendations
Dane Taleski

# ВОВЕД

Дане Талески и Мила Царовска

Граѓанинот има централно место во демократијата. Тој односно таа е извор на легитимитетот на власта, а од самите поединци извира и суверенитетот на државата. Се претпоставува дека политичките партии ги агрегираат и претставуваат интересите на граѓаните. На тој начин партиите создаваат понуда за претставување на интересите на граѓаните. Во демократските политички процеси, барем според теоријата, треба да доминираат интересите на граѓаните. Но политичките процеси и спроведувањето на власта се извршуваат од страна на институциите, и тука граѓаните можат само непосредно да учествуваат. Иако постојат разлини форми за учество на граѓаните, институционални и вон-институционални, во најголем дел од времето во една претставничка демократија, каква што би требало да е Република Македонија, граѓаните не можат директно да учествуваат во поличките процеси.

Затоа изборите се од извонредно значење за функционирањето на демократијата и воедно за овозможување на директно учество на граѓаните во политиката. И повеќе од тоа. За време на изборите граѓаните би требало, слободно и без ограничувања, да ја искажат својата волја според која се конституираат телата за политичко претставување. Во тој круцијален процес граѓаните не само што ги избираат политичките претставници кои сметаат дека најдобро ќе се залагаат и ќе ги претставуваат нивните интереси, туку и го трансферираат легитимитетот на нив за тие да можат да функционираат со целосен политички авторитет. Истиот процес важи за изборите на национално ниво, кога се гласа за пратеници во Собранието на Република Македонија, како и за изборите на локално ниво, кога се гласа за советници во советите на единиците за локална самоуправа – општините; и за градоначалникот на општината.

Затоа од исклучителна важност е граѓаните да земат широко учество на изборите. Колку повеќе луѓе гласаат на изборите, толку е поголем легитимитетот на изборниот процес и на избраните претставници. Се разбира дека, ако се оставени слободни и без притисоци, граѓаните гласаат согласно нивните интереси, ставови, симпатии, афинитети или други склоности кон одредена политичка партија или кандидат-ка. Дисперзијата на гласови го

одредува победникот односно победничката. Тој што го освоил мнозинството на гласови на изборите ја добива можноста да ја практикува власта во рамките на законските ингеренции. Практикувањето на власта, барем теоретски, носи одговорност за правично однесување и чесно располагање со јавните ресурси во интерес на сите граѓани.

Од друга страна, не значи дека тие што добиле помалку гласови и се во опозиција дека треба сосема да бидат маргинализирани и оставени надвор од политичките процеси. Нивните ставови и интереси треба да бидат земени во предвид, но одлучува мнозинството кое не би требало да се претвори апсолутистичко владеење. На изборите гласаат различни граѓани, за различни политички опции, и иако само дел од нив ќе ја спроведуваат власта, сите заедно го создаваат легитимитетот на изборниот процес и затоа не треба по изборите дел од граѓаните да бидат маргинализирани и дискриминирани. Затоа високото учество на граѓаните во изборите е важно за легитимитетот на процесот.

Подеднакво важно, ако не е и поважно, е изборите да бидат мирни, фер и демократски. Изборите треба да се спроведат во мирна атмосфера каде ќе нема закани и заплашувања. Само во мирни услови, кога граѓаните не се изложени на насилство, закани и притисоци, можат да одлучат слободно и по своја волја. Фер услови се важни за сите учесници кои претендираат да ја добијат поддршката од граѓаните да имаат еднакви шанси и можности за претставување пред граѓаните. Фер условите се поврзуваат со изборната кампања. Во принцип тоа значи условите и правилата на изборната кампања да важат подеднакво за сите. Се разбира дека во изборната трка некои актери имаат повеќе ресурси или искуство во споредба со други, некои се поголеми, а други помали. Но без разлика на нивните карактеристики правилата треба да се еднакви за сите. Најважни услови за фер избори се да нема мешање на државните односно јавни ресурси во полза на некоја политичка партија и партиите да имаат подеднаков пристап до медиумите.

Првиот услов значи дека партиите немаат право да користат финансиски и останати материјални јавни ресурси или нематеријални јавни ресурси. Вториот услов значи дека во информативниот дел медиумите ќе имаат избалансиран пристап, односно ќе ги покриваат активностите на различни политички партии без да фаворизираат некого. Истото се однесува на дебатните емисии. Дополнително јавниот радиодифузер има обврска да даде бесплатен

простор за промотивно претставување на политичките партии или кандидати. Еднаквиот пристап до медиумите не значи ограничување во однос на платената политичка програма. Закупот на медиумски простор и време за емитување на политичка пропаганда, доколку не е ограничен со закон, зависи од средствата што партиите и кандидатите ги имаат на располагање.

Изборите мора да се одржат во демократски амбиент за да може да функционира демократијата. Тие мора да се мирни и фер. Но и пошироко. Треба да се почитуваат не само изборните правила и процедури, туку и сродните закони, како и воспоставените етички правила и норми. Изборите по дефиниција се натпревар, најчесто доста интензивен и бурен натпревар, за тоа кој ќе биде на власт и кој ќе располага и менаџира со јавните добра. Би било прилично илузорно да се гаат надежи дека во текот на изборниот процес партиите и кандидатите ќе имаат само позитивен пристап, без да ги напаѓаат своите конкуренти. Имено во изборниот натпревар промоцијата и критиката одат рака под рака. Но во вокабуларот и настапот треба да се почитуваат одредени норми на јавниот дискурс. Не смее да се користат навреди, деградирачки зборови, омаловажувања кои го повредуваат личниот интегритет и достоинството на кандидатите. Таквиот пристап го загадува политичкиот процес и може да создаде долгорочни анимозитети. Важно е во целиот предизборен период да има демократски амбиент, а не само на денот на изборите.

Денот на гласање, денот кога се спроведуваат изборите, треба да биде денот кога демократијата триумфира. Од исклучителна важност е тој ден да помине во мирна, фер и демократска атмосфера. Важно е и предизборниот период да помине во исти услови, но на изборниот ден се прелева волјата на граѓаните кон избраните претставници и се префрла легитимитетот од граѓаните на избраните претставници. Затоа на тој ден му се придава најголема важност.

Тргнувајќи од овие воведни размислувања, Институтот за социјална демократија "Прогрес" и Македонската платформа против сиромаштија (МППС), во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје, го спроведе проектот "Учеството на граѓаните во локалната демократија" во пролетта 2013 година. Проектот беше ориентиран кон локалните избори како основен елемент за функционирањето на локалната демократија. Целта на

проектот беше да се промовира и да се оцени учеството на граѓаните во локалната демократија. Од една страна организирани беа пет јавни дискусии во поголеми градови низ Македонија: Скопје, Велес, Штип, Битола и Прилеп. Јавните дискусии беа организирани со невладини организации кои се активни во локалните средини. На дискусиите говорници беа локални граѓански активисти, универзитетски професори и новинари. Целта беше да се истакне важноста за учеството на граѓаните во локалните избори и да се поттикне партиципацијата на граѓаните во локалната демократија. Локалните медиуми, како и дописниците од националните медиуми, беа поканети да ги проследат јавните дискусии. Овие активности беа спроведени пред првиот круг на локалните избори од 18 до 21 март 2013 година.

Од друга страна, пред 21 март, денот на гласање во првиот круг на изборите, до 8 март 2013 година, вториот круг на изборите, беше организирано истражување и набљудување на изборниот процес. Во истражувањето опфатени беа 20 општини кои беа поделени во три региони: северо-источен регион (Кисела Вода, Карпош, Аеродром, Гази Баба, Центар и Куманово), јужен и западен регион (Охрид, Прилеп, Битола, Крушево, Ресен, Гевгелија, Струмица) и централен и источен регион (Велес, Кавадарци, Неготино, Штип, Кочани, Берово, Делчево). Вкупниот број на опфатени општини е нешто под една четвртина од сите општини. Но според територијалната дисперзија на општините опфатени се безмалку сите региони во државата. Освен тоа најголем дел од опфатените општини се поголеми урбани општини. Помалите и руралните средини не беа опфатени во истражувањето, но за таа сметка беше опфатено повеќе од половина од гласачкото телот во Република Македонија. Односно истражувањето е целосно репрезентативно најголем дел од граѓаните, а посебно за локалните избори и изборниот процес во урбаните општини во Република Македонија.

Во истражувањето имаше вклучено над 20 локални истражувачи. Во период од неколку недели тие го набљудуваа изборниот процес мапирајќи ги добрите страни и недостатоците според претходно утврден прашалник (даден во анекс на оваа публикација). Посебно внимание беше посветено на денот на гласање во првиот и вториот круг на локалните избори. Во оваа публикација дадени се резултати од истражувањето.

Резултатите од нашето истражување покажуваат дека локалните избори во Република

Македонија беа спроведени во релативно мирна атмосфера, но дека не беа фер и демократски. Имено, додека во предизборниот период и на денот на гласање немаше насилни инциденти голем дел од гласачите беа изложени на притисоци и закани. Условите за натпревар меѓу политичките партии не беа еднакви за сите. Владеачките партии, а посебно ВМРО-ДПМНЕ незаконски користеа државни ресурси и јавни средства во нивната политичка кампања, и користеа различни инструменти и политики за јавни услуги од сферата на социјалата, земјоделството, здравството и образованието за да ги принудат граѓаните да гласаат во нивна полза. На локалните избори се покажа дека ВМРО-ДПМНЕ има развиено и користи цел сплет на недемократски инструменти за влијание на волјата на граѓаните. Дел од тие инструменти се спроведуваат пред изборите, а дел на самиот изборен ден. Освен тоа најголем дел од медиумите силно ја фаворизираа владечката ВМРО-ДПМНЕ. Нашиот генерален заклучок се поклопува со заклучокот на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР дека "партизираното медиумско покривање на изборите и преклопувањето на државните и партиските активности, не им обезбедија на кандидатите подеднакво поле за натпревар на изборите".[1]

Следните три поглавја во публикацијата даваат сумарен преглед на истражувачките резултати од секој регион. Во првиот дел се резултатите од општините во северо-источниот регион. Заклучокот таму е дека иако атмосферата била мирна, имало низа пропусти и нерегуларности. Во вториот дел се резултатите од општините во јужниот и западен регион. Таму изборите воглавно се оценуваат како недемократски и нефер. Во третиот дел се резултатите од општините во централниот и источен регион. И во овој регион изборите се сметаат за нефер и недемократски, со тоа што немало јасна поделба помеѓу локална и централна власт, доминирал говор на омраза и деградирање на политичките конкуренти и пристапност кај медиумите. Во четртиот дел има правна анализа за повредите на изборното законодавство. Во овој дел резултатите од истражувањето се анализирани од правен аспект. Заклучокот е дека бројните неправилности се поврзани со сериозни повреди на изборните правила и злоупотреба на службената должност. Во последниот дел од публикацијата сумарно се дадени заклучоците од истражувањето и неколку препораки за подобрување на

---

1 Набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР. Конечен извештај, Варшава, 9 јули 2013. стр. 3. Целиот извештај е достапен на http://www.osce.org/mk/odihr/elections/103832 (пристапено на 3 септември 2013 година)

изборниот процес.

## Локалните избори во општини од северо-источен регион

Центар, Карпош, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Куманово

Мила Царовска

**Перидот на изборната кампања**

Во северо – источниот регион со мониторинг на изборниот процес на локалните избори 2013 од страна на Македонската платформа против сиромаштија беа опфатени 6 општини (Кисела Вода, Карпош, Аеродром, Гази Баба, Центар и Куманово, ). Во овие општини бројот на кандидати за градоначалници се движеше од 3 кандидати во Карпош до 7 во Гази Баба, Кисела Вода 4, Аеродром 5 и Куманово 6 кандидати. Бројот на листи за советници исто така варираше од општина во општина од 6 советнички листи во Кисела Вода до 11 советнички листи во Куманово.

Политичките партии во периодот на изборна кампања користеа различни алатки за информирање на граѓаните за предвидените политички програми. Најчесто граѓаните ги добиваа информациите преку медиумите, директни средби со претставници на политичките партии и митинзи.

Најистакната предизборната кампања имаше политичката партија ВМРО-ДПМНЕ поради најголемата застапена во електронските медиуми за разлика од СДСМ и другите политички партии. Единствено кандидатот за градоначалник на Српската напредна странка се истакна во својата кампања преку директни средби со граѓаните од општината.

Во општините од овој регион немаше рамноправната застапеност за сите кандидати во локалните и националните медиумите. Кандидатите на владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ беа далеку повеќе застапени од останатите кандидати.

Речиси сите кандидати имаа изготвено програма за планираните активности за евентуално

добиениот мандат. Кандидатите кои се кандидираа по втор пат се обидуваа да ја добијат поддршката на граѓаните преку презентирање на веќе направеното во изминатиот период, а новите кандидати преку презентирање на новите проекти предложени во нивните програми. Своја промоција правеа преку директните контакти со граѓаните, трибини, митинзи, средби од врата на врата мали собири, индивидуални средби и делење на пропаганден материјал. Впечатливо беше што кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ права промоција и на проектите и програмите на владата предвидени на национално ниво, кои многу често не се однесуваа на локалната самоуправа во која тие се кандидирани.

Во сите општини генерално односот на кандидатите за градоначалници и политичките партии не беше на задоволително ниво, се водеше негативна кампања од страна на кандидатите и партиите, што доведе до продлабочување на антагонизмот. Не се доби квалитетна дебата и соочување на различните концепти и идеи за водење на општините.

Можеше да се забележи дека јавните службеници беа ставени во служба на кандидатите на владеачката партија.

Кандидатите кои понудија предизборни програми, понудија и решенија за пробелмите на граѓаните за кои дотогаш биле информирани. Дел од политичките партии ги вклучија и граѓаните при подготовката на програмите, но сеуште се забележува дека гласачите не ги читаат програмите и не се заинтересирани за нив. Гласаат по директива или по инерција и најчесто за политичка партија, а не за програма и решенија на нивните проблеми.

Интересот на граѓаните за локалните избори беше на задоволително ниво и голем процент си ја оствари својата граѓанска должност и излезе на гласање. Сепак и после толку многу изборни процеси може да се забележи дека граѓаните сеуште не си ги знаат своите права и неверуваат во системот на заштита на нивните права. Во текот на овие локални избори имаште доста кампањи водени од страна на здруженија на граѓани кои промовираа фер и демократски и збори и ги потсетуваа граѓаните на нивните права, но сепак не де доби впечаток дека имаме освестени гласачи врз кои не може да се изврши притисок.

Генерално, изборната кампања во сите општини беше многу долга, еднолична и

несоодветна. На моменти се добиваше впечаток дека се работи за парламентарни, а не за локални избори. Секојдневното присуство на високи владини функционери ги ставаше во нерамноправна позиција кандидатите за градоначалници на владеачката паритија и останатите партии. Се искористуваше слабата информираност на граѓаните за надлежностите на локалната самоуправа за нудење и ветување на нереални решенија со цел придобивање на гласачите. Малите партии беа во нерамноправна позиција во споредба со големите партии, што резултираше во нивна маргинализација и покрај тоа што истите водеа позитивна и квалитетна кампања.

**Изборниот ден и гласање**

Од добиентие податоци во северeоситочниот регион во општините Карпош, Куманово Центар и Кисела Вода целиот избирачки процес, од прием на избирачки материјал, доберлив материјал, недоверлив материјал, број на ливчиња беше во ред без никави пробели и недостатоци. Додека за општините Гази баба и Аеродром немаме податоци во евалуационите форми.

При приемот на материјалот во општините опфатени од овој регион сите членови на ИО како и престедателот се однесуваа одговорно го примија материјалот, ја обезбедија просторијата и направија записници.

Во општина Кисела Вода во првиот круг имаше пријавено тринаесет (13) болни и немоќни лица од кои едно (1) беше одбиено, а одобрени дванаесет (12). Гласањето се одвиваше во најдобар ред со тоа што само на едно ИМ 2744 кога ИО отишол кај болното и немоќно лице на гласање барале полномошно од болниот и бидејќи немале да им дадат полномошно ИО не го спровело гласањето. На тоа веднаш беше реагирано со што ИО повторно отиде и го спроведе гласањето на ИМ.

Во вториот круг имаше пријавено осумнаесет (18) болни и немоќни лица од кои три (3) барања беа отфрлени, а одобрени петнаест (15). На сите ИМ гласањето се спроведе во најдобар ред. Во останатите општини гласањето на болни и немоќни се одвивало во

најдобар ред.

Во Куманово на некои избирачки места параваните биле поставени несоодветно и не овозможувале комплетно тајно гласање, во останатите општини немало забелешки

Гласањето во сите изборни единици каде што имавме набљудувачи е започнато навремено, кутиите биле празни, пропаганден материјал не бил забележан во близина, ливчињата биле пребројани.

Најчести нерегуларности и неправилности во општина Кисела Вода кои беа пријавени од страна на Избирачките одбори и се однесуваат на тоа дека на неколку избирачки места беа фатени граѓани како позади паравanот го сликаат гласачкото ливче, по што лицата беа веднаш пријавени на полиција, составен полициски записник, како и целата ситуација внесена во дневник за едиденција а потоа и забелешка во записник, а ливчето на едно избирачко место поништено, а на другото ставено во кутијата. Исто така на избирачко место 2657 при броењето на гласачките ливчиња во кутијата за Совет во советот на општина Кисела Вода беше пронајдено ливче со печат од изборно место 2667 и гласано за политичката партија СДУ. Потоа позади параванот на неколку избирачки места места беа пронајдени гласачки ливчиња вишок со што истите биле поништени, а на некои избирачки места ги ставале во кутија и сето тоа било внесено и во дневникот за евиденција и во записникот ставена забелешка.

Во с.Драчево граѓанин кој бил да си го оствари своето гласачко право без да биде забележан од избирачки одбор го сликал ливчето и истото го поставил на својот фб профил. На што беше веднаш реагирано до Општинска изборна комисија и граѓанинот го тргна постот од својот профил. Исто на неколку изборни места кои се наоѓаат во Дом за слепи, ОУ Круме Кепески и во Пржино по 19.00 часот пред почнувањето со броење на гласовите снема струја. Дефектот траеше 30-40 мин. Со што им беше укажано и на набљудувачите и на членовите на избирачкиот одбор постојано да бидат околу кутиите и телефоните да им бидат уклучени, да внимаваат да не се случи нешто. Кога беше отстранет дефектот изборачкиот одбор продолжи со својата работа, сумирање на резултатите и сотавување записник. Исто така пред некои објекти каде што се спроведуваше гласањето МЗ 11-ти Октомври бараки беше забележан истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ како организирано носи граѓани да гласаат и врши агитација

на граѓаните за кого да гласаат. Во н.Драчево кандидатката за гдардоначалник Билјана Беличанец Алексиќ беше забележана како во населбата агитира по граѓани да излезат и да го дадат својот глас за ВМРО-ДПМНЕ. Како и синот на пратеникот од редовите на владејачката партија Веле Георгиевски беше забележан како организирано носи граѓани да гласаат на територија на општина Кисела Вода. Беше реагирано до ОИК и истите беа предупредени.

Во вториот круг од гласањето во општина Кисела Вода на 07.04.2013 година гласањето се спроведе помирно во однос на првиот круг меѓутоа и тука беа забележани неправилности и тоа на едно избирачко место при броењето недостасуваше гласачко ливче, со што наместо ливче имаше вметнато во кутијата фотокопирана банкнота од 2 долара, исто така имаше забележано нарушување на тајност на гласањето и фатен граѓанин како го слика своето гласачко ливче со мобилен тел. Сето тоа беше внесено и во дневникот за евиденција и во записникот внесена забелешка. Членовите на ИО реагираа за неправилностите и им беше дозволено да ги внесат во дневникот за евиденција, а потоа и во записникот да стават забелешка, а онаму каде што не им беше дозволувано на набљудувачите да стават забелешка поднесувавме приговори до ОИК. Соработката помеѓу членовите на ИО и ОИК беше солидна и на секоја забелешка и пријавена нерегуларност ОИК Кисела Вода веднаш реагираше да се отстрани истата.

Во општините Куманово и Аеродром беше забележан отпор кон независните набљудувачи од страна на избирачките одбори. На набљудувачите од невладините организации не им беше дозволено да стават забелешки во дневникот за евиденција на настани. Воедно, не им беше даден примерок од истиот. Имаше примери на нефункционална УВ лампа, гласно изговарање на името на гласачот од страна на членовите на избирачките одбори итн.

Во Гази Баба на некои изборни единици уште на само започнување односно во 06.00 часот членовите на изборната комисија не им даваа пристап на набљудувачите, да го следат изборниот процес, во суштина им велеа на набљудувачите да седат и само да гледат и дека немаат право да реагират или најмалку да дадат забелешки во дневникот за евиденција на настани,ниту пак на одередени реакции од страна на сите присутни набљудувачи реагираа или пак ги сослушуваа. Имаше доста семејно гласање, посебно на лицата од Албанска припадност велеки дека се неписмени или незнаат да зборат Македонски.

Во Каропш на избирачките места 2601,2602,2622,2647,2631,2607,2650,2639,2628, посматрачите на ВМРО-ДПМНЕ правеле дополнителен притисок на сите лица кои излегле на гласање и гласно им ги изговараа имињата, по рекација на набљудувачите од граѓанската платформа 2013, списоците се искинати освен на избирачко место 2650, каде било посочено дека тие ги познаваат гласачите и затоа им го изговараат името. На набљудувачот не му било дозволено да го внесе тоа во дневник на настани. Во општина Карпош на изборно место 2622 едно лице не е најдено во изборен список, во 2607 две лиц не се најдени во изборен список. Лицата се упатени во ОИК.  Во 2639 на едно лице не му е дозволено да гласа затоа што на негово место некој веќе се потпишал.

Во Кисела Вода претставници на владејачката партија во текот на гласањето вршеле агитирање на граѓаните да излезат и да го дадат својот глас за нив, исто така во преиодот од 08.00 – 12.00 часот масовно и организирано со возила носеа граѓани да гласаат, вршеа поткуп со пари и прехрамбени продукти (брашно и јајца), ветувања за вработувања во државниот и јавниот сектор, како и покривање на долгови на граѓаните према инстутуциите на државата (ЕВН, Водовод и канализација, Топлификација, УЈП итн.) како и према физички лица.

Во Гази Баба,  имаше примери на агитирање за време на гласањето и носење на гласачи на изборно место. Исто така беше забележано евидентирање на гласачите од страна на набљудувачите на политичките партии. Во општина Аеродром во некои изборни едици два часа пред завршување на гласањето имаше агитирање, читање на изборните списоци и проверка кој гласал кој не.

Најчест проблем во однос на остварување на правото за гласање кој што се јави во сите општини беше притисокот кој се вршеше врз граѓаните од активисти на одредена политичка партија, поткупот и агитирањето. Исто така имаше голем број на граѓани кои не беа во избирачкиот список од непознати причини и следствено не им беше дозволено да гласаат.

Најчести проблеми и нерегуларности беа идентификувани околу пронаоѓање на гласачки ливчиња во едно избирачко место со печат од друго избирачко место и пронајдени вишок

гласачки ливчиња. исто така бројот на потписите од избирачкиот список не се согласуваше со бројот на гласачки ливчиња во кутијата.

Во општина Кисела вода неважечки гласачки ливчиња беа оние ливчиња на кои редниот број пред кандидатот беа закоружувани со пенкала во боја (црвена, зелена), или со фломастери, потоа наместо да бидат заокружувани беа одбележани со знаци или пишувани погрдни и пофални зборови за кандидатот, како и на македонскиот дел од ливчето заокружено, а албанскиот прешкртано. Исто така неважечки беа и оние ливчиња на кои повеќе кандидати беа заокружени или прешкратни, како и празни ливчиња. Вкупно на територија на општина Кисела Вода имаше 1833 неважечки гласачки ливчиња за градоначалник на општина Кисела Вода, за советничка листа во Советот на општина Кисела Вода 2041, во првиот круг од избори.

Во општина Куманово имаше околу 1600 неважечки ливчиња, најчесто заради заокружување на два кандидата/листи. Во Гази баба процесот на броење помина со запазување на сите правила секое ливче беше посебно отворено и истото покажано пред присутните, најмногу неважачки ливчиња беа празни ливчиња, пречкртани ливчиња од гласачите како и ливчиња со различни написи и фигури. Во Каропш на изборно место 2628 се јави проблем при броењето на ливчињата. Набљудувач на ВМРО-ДПМНЕ по порака доби налог да создава негативна атмосфера и да не го потпишува записникот со образложение дека е украдено едно ливче.

Локалните избори во северо-источниот регион се одвиваа во мирна атмосфера, без поголеми инциденти. Сепак, забележани се низа пропусти и нерегуларности, што остава дамка на целиот изборен процес.

**Локалните избори во општини од јужен и западен регион**

Охрид, Прилеп, Битола, Крушево, Ресен, Гевгелија, Струмица

Катерина Касовска

**Перидот на изборната кампања**

Во општините во југо-западен и југо-источен регион во Република Македонија бројот на кандидати за градоначалници и листи за советници се разликува. Што се однесува за бројот на кандидати за градоначалник најголем е бројот на кандидати во Битола каде осум кандидати беа во изборната трка, потоа по пет кандидати има во Крушево, Ресен и Охрид, по четири кандидати во Струмица и Гевгелија и најмал е бројот на кандидати, односно тројца кандидати во Прилеп. Во сите горенаведени општини со свои кандидати настапиле ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ со коалициите. Од другите партии најзастапена е СДУ која има свои кандидати во сите општини освен во Ресен. Понатаму, СДП има свои кандидати во 5 општини, ДПА во 4, ДУИ и НДМ во по една општина и во 2 општини се кандидирале вкупно 3 независни кандидати поддржани од група избирачи. Што се однесува за бројот на листи на советници, најголем е бројот на советнички листи во Охрид- тринаесет, потоа е Битола каде имаше 9 листи на советници, Крушево седум, по 5 листи на советници во Прилеп, Ресен и Гевгелија, и најмал е бројот на советнички листи во Струмица- три. За листи на советници освен партиите наведени со свои кандидати за градоначалник, свои листи на советници имаа и ДОМ, ЛП и НДП како и група избирачи.

Како начин на информирање за кампањите на политичките партии и нивните програми во најголем дел граѓаните ги посочуваат поделениот пропаганден материјал (флаери), локалните медиуми, кампањата од врата на врата, односно непосредните средби со граѓаните и митинзите на кандидатите. Овие локални избори прилично застапени се и објавите на социјалните мрежи кои граѓаните ги наоѓаат како извор на информации.

Во однос на истакнатоста и застапеноста на кандидатите во кампањата, во сите општини најмногу се истакнувале кандидатите на ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ, некои заради поддршката од

медиумите и институциите на власта, некои со својата присутност помеѓу граѓаните и кампањата "од врата до врата". Во некои општини, како во Ресен поради големата финансиска подршка од страна на владеачката партија единствено се истакнувал кандидатот на ВМРО- ДПМНЕ и коалицијата. Што се однесува за претставеноста на кандидатите во медиумите (локалните и националните) пак генералната оценка е дека кандидатите не беа ни малку подеднакво претставени. На национално ниво во сите општини единствено претставен е кандидатот на ВМРО- ДПМНЕ и коалицијата. Оценката за локалните медиуми е поделена, во некои општини скоро подеднаква е застапеноста на кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Во Гевгелија единствено претставуван е кандидатот на ВМРО- ДПМНЕ. Останатите кандидати многу малку се споменувале во предизборната кампања.

Поддршката на граѓаните кандидатите и партиите се обидувале да ја добијат најмногу преку непосредни средби со граѓаните а потоа и преку организирање на јавни трибини и митинзи, за запознавање на граѓаните со планираните проекти. Но во повеќето општини присутни се агитирања, закани, притисоци и поткуп за добивање на поддршката и гласот на граѓаните.

Оценката за односот на кандидатите за градоначалници и партиите едни спрема други во време на предизборната кампања е поделена. Во некои општини односот се оценува како воглавно коректен со одмерени напаѓања, контрирања и доза на неосновани обвинувања на сметка на противкандидатите, меѓутоа тоа се означува како нормална работа во македонските изборни процеси. Но во неколку општини капмањата е тензична и агресивна со искажување голем број јавни навреди. Посебно кампањата во Струмица се оценува како премногу валкана од страна на кандидатот на ВМРО- ДПМНЕ и коалицијата, со деградирање на личноста на противкандидатот и неговото семејство.

Во сите општини, освен во Крушево, евидентна е наклонетоста и пристрасноста на јавните институции кон кандидатите на ВМРО- ДПМНЕ. Се забележува злоупотреба на моќта на Центарот за социјални работи во Струмица, злоупотреба на службени телефони и возила за партиски потреби на кандидатот на ВМРО- ДПМНЕ во Охрид, а во Прилеп и Ресен сомнителна е исплатата на субвенциите на два дена пред изборите, кои што ниедна година не ги добиле во тој период од годината.

Во однос на предизборните програми во сите општини се понудени програми кои одговараат на проблемите на локалното население.

Интересот на граѓаните за овие локални избори како и излезноста на изборите во сите општини бил голем но за запознаеноста на граѓаните со своите права оценката е поделена. Во неколку општини се смета дека граѓаните биле добро информирани и запознаени со своите права, доколку пак во неколку се смета дека биле недоволно информирани и затоа имало прекршувања на изборното законодавство. Информативни настани за запознавање на граѓаните со своите права се организирани во Битола од страна на ДИК и од МППС а во другите општини информирањето на граѓаните се должи на спотовите на националните телевизии.

Генерално кампањата во најголем дел од општините е оценета како нефер, недемократска и нечесна. Позитивна оценка за кампањата има единствено во Ресен и Крушево каде се вели дека кампањата поминала воглавно фер и во демократска атмосфера.

**Изборниот ден и гласање**

Во однос на процесот на прием на доверливиот материјал (гласачки ливчиња, извод од избирачкиот список, дневник за евиденција на настани, печат со број на гласачкото место и обрасци за записници) и недоверливиот материјал (паравани за гласање, кутии за гласање, УВ лампа, батерии, спреј и перниче со мастило, упатство за гласање, сини пенкала, информативни постери, нумерирани пластични ленти, пликови за пакување, пластични вреќи со налепница) нема никакви забелешки. Во сите општини се било спроведено без проблеми и изведено во рамки на законските прописи. Во сите општини набљудувачите биле известени на време и присуствувале на приемот на изборните материјали. Членовите и претседателите на ИО при приемот на изборниот материјал се однесувале фер и коректно, во согласност со прописите на Државната изборна комисија.

Што се однесува за гласањето на болните и изнемоштените лица и процесот на нивното гласање, во сите општини бројот на пријавени болни и изнемоштени лица е голем. Во

процесот на нивното гласање се забележуваат одредени направилности на неколку избирачки места како: носење во својот дом од страна на претседателот на ИО изводот од избирачкиот список заедно со печатот во Битола, некои од пријавените лица немале валиден документ за лична идентификација (биометриска лична карта или пасош) во Струмица. Во Гевгелија кај одредени болни забележано е гласање од трето лице во нивно име, а тоа не бил член од потесното семејство; на одредено избирачко место не бил дозволен пристап на претставниците на политичката партија СДСМ од страна на претседателот на избирачкиот одбор; во едно избирачко место фалеле две избирачки ливчиња од гласачките ливчиња за болните. Најголем дел од неправилностите биле запишани во записниците, но дел останале и незабележани.

Некои позначајни забелешки во однос на просториите за гласање на изборниот ден 24. 03. 2013 (на пр, дали биле добро поставени параваните и кутиите, дали информативните постери биле на јасно видливи места) нема, само што некои избирачки места биле премногу мали.

Во однос на почнувањето на гласањето, во сите општини гласањето на сите избирачки места почнало на време. Во најголемиот дел од општините нема забелешки во однос на пропагандниот материјал, кој бил навремено отстранет. Но во Гевгелија дел од пропагандниот материјал бил делен во сабота вечер пред изборниот ден и имало неотстранети плакати во близина на избирачките места. Во Прилеп се забележани голем број лица кои агитираат во близина на избирачките места.

Во скоро сите општини се евидентирани неправилности во процесот на гласање и тоа:
Семејно гласање е забележано во 3 општини: Битола, Охрид и Струмица. Во Струмица тоа било случај особено со местата каде што гласале лицата од турската заедница. Членовите на избирачките одбори не реагирале на ваквата појава. Не се внесувале ниту забелешките од страна на набљудувачите. Иако на одредени нерегуларности се укажувало од страна на набљудувачите, претставниците на избирачкиот одбор одговарале дека улогата на набљудувачите е да го следат изборниот процес, но не и да реагираат.

Гласачки ливчиња недостигале во Битола и Прилеп. Во Прилеп на едно место недостасувале

6 на едно 12 ливчиња и тоа било објаснето како фабричка грешка. На едно избирачко место (ИМ 1354) во Прилеп поради недостаток на ливчиња било кратко прекинато гласањето.

Во Битола еден од набљудувачите на МППС имал проблеми со претседател на избирачки одбор (поради претходни нерасчистени работи) и бил направен обид да биде отстранет од избирачкото место. Евидентирано е гласно читање на гласачите од страна на член на избирачкиот одбор.

Во Струмица се забележани организирано носење на гласачи; пред некои избирачки места (на мала оддалеченост) се забележани претставници од политичките партии или кандидати за советници; на денот на прегласувањето по отворањето на гласачките места, рано наутро, од возило во движење пред избирачките места било пукано со плашливец; многу граѓани ги немало на избирачкиот список, иако имале валидни документи. Индикативно е што и покрај известувањето дека овие граѓани не биле на списокот затоа што нивните документи биле издадени после 24 февруари, сепак граѓани со лични карти издадени и во март, ги имало на избирачкиот список и можеле да гласаат. Забележано е и фотографирање позади параванот и гласно изговарање на името на кандидатот за кој што граѓанинот одлучил да гласа. Во Струмица имало и едночасовен прекин на гласањето на едно ИМ бидејќи граѓанин не можел да го стави ливчето во кутијата, па во обидот да го стави, пукнал капакот на кутијата. Гласањето било прекинато додека не се обезбедил нов капак на кутијата, а потоа продолжило без проблеми.

Во Ресен лица биле носени од Мала Преспа групно на избирачките места за да гласаат со патни исправи на кои нема назначено место на живеење а на тоа место е запишано Р.Албанија и нивната бројка е многу голема во споредба со големината на општината, имало забелешки и приговори кои што претседателот на ИО не сакал да дозволи да влезат во записникот,и во повеќето случаи на набљудувачите на невладиниот сектор не му било дозволено да ставаат забелешки во дневникот за евиденција на настани. Гласачи од Мала Преспа се регистрани и во Охрид.

Во Гевгелија членовите на ВМРО- ДПМНЕ во ниту еден момент не престанале со агитирање како пред избирачките места така и внатре во нив. Надворешни соработници ги

пребројувале излезените гласачи користејќи ја полицијата за нивно вешто прикривање. Таму е констатирано дека и членовите на избирачките одбори од администрација целосно биле вклучена во служба на власта.Во Крушево не се евидентирани некои поголеми неправилности.

За однесувањето на политичките партии во текот на гласањето, во скоро сите општини се евидентирани агитации, заплашувања, притисоци и поткуп. Забележани се и високи функционери на ВМРО- ДПМНЕ, во Прилеп и Ресен кои агитираат и ги заплашуваат граѓаните по разни основи. Во Струмица е забележано и групно носење на граѓаните на гласање од страна на ВМРО- ДПМНЕ.  Единствено во  Крушево политичките партии се оценуваат како фер и коректни во текот на гласањето.

Како еден од најчестите проблеми во изразувањето на слободната волја на граѓаните на овие локални избори се истакнуваат заплашувањата, уцените и притисокот врз гласачите.  А како најчеста пречка во остварување на правото на глас на овие локални избори  во сите општини се истакнува големиот број на граѓани кои не биле во можност да гласаат, и иако имале биометриски документи не се наоѓале на избирачкиот список.

Во процесот на броење на гласовите, во ниту една општина не се евидентирани проблеми. Во сите општини за неважечки се сметаат ливчињата кои биле пречкртани, имало заокружено 2 или повеќе редни броеви и празните ливчиња. Бројот на неважачки ливчиња во сите општини е голем. Во Ресен е интересна појавата на гласање со знак Х,  кој е начин на гласање во Р. Албанија. Тие ливчиња се сметаат за неважечки и голем е нивниот број во општина Ресен.

Во однос на процесот на пренесување на изборниот материја до ОИК  во ни една од општините не се забележуваат нерегуларности. Само на едно избирачко место во Струмица пред избирачкото место се собрале лица симпатизери на една политичка партија кои не дозволуваале да биде изнесен изборниот материјал и да биде однесен во просториите на општинската изборна комисија, но пред истекот на рокот за доставување на материјалите, по интервенција на општинската изборна комисија материјалот со придружба од полицијата бил однесен до таму.

Генерално овие локални избори воглавно се оценуваат како недмократски и нефер избори. Се споменуваат уцени, закани и подмитувања што го направиле нечесен овој изборен циклус. За првпат во општина Струмица локалните избори поминале во тензична атмосфера со валкана кампања и се создало дури и антагонизам помеѓу граѓаните. Попозитивна е оценката во Охрид каде се вели изборите поминаа воглавно во добра атмосфера и во Крушево каде се оценуваат како одлични.

**Локалните избори во општини од централен и источен регион**

Велес, Кавадарци, Неготино, Штип, Кочани, Берово, Делчево

Мартин Печијарески

**Перидот на изборната кампања**

Од аспект на бројот на кандидати за градоначалник и листите за советници на локалните избори можат да се забележат мали разлики помеѓу општините. Притоа, не беше констатирана директна каузална врска помеѓу бројот на населението во општината и бројот на кандидатите за градоначалници. Консекветно, во општините Кочани, Берово и Штип четири кандидати се тркаа за градоначалник, во Делчево и Велес имаше пет кандидати додека најголем број на поднесени кандидатури (шест) беа евидентирани во општина Кавадарци. Кога станува збор за советничките листи, две општини (Делчево и Берово) имаа по три предложени советнички листи, две општини (Неготино и Штип) имаа пет листи на советници, додека Велес имаше седум, а повторно во општина Кавадарци имеше најголем број советнички листи (девет). Најголем број од кандидатите доаѓаа од двете најголеми коалиции “За подобра Македонија” предводена ВМРО-ДПМНЕ и “Сојуз за Иднината” предводена од СДСМ, а меѓу останатите имаше и кандидати од ДОМ, СДУ, ЛПМ и независни кандидати.

Механизмите и начините преку коишто граѓаните имаа можност да се информираат за кампањите на политичките партии и активностите на кандидатите за градоначалник се исти во сите општини. Во таа смисла, граѓаните беа запознати со активностите на кандидатите за градоначалници преку локалните медиуми (ТВ и радио), веб портали и социјални мрежи, јавни трибини и дебати како и преку споделување на флаери и други рекламни материјали. Споредбено со претходните локални избори, кандидатите за градоначалници на овие избори особено внимание посветија на промоција и доближување до граѓаните преку современите медиуми и социјалните мрежи (Facebook, Twitter) коишто имаат се поголемо влијание врз јавното мислење.

Во најголемиот дел од општините, кандидатите за градоначалници од владејачката коалиција “За подобра Македонија” беа доминатни во своето претставување пред сé, поради големата финансиска, политичка и техничко-оперативна поддршка од страна на централната власт. Од друга страна, власта се обидуваше на било каков начин да го оневозможи и компромитира нормалното функционирање на општините во коишто градоначалниците беа од опозицијата. Исто така, голем придонес во нивното претставување имаа и многубројните рекламни спотови за коишто беа трошени народни пари. Во некои од општините (Велес) беше забележано и присуство на Министри од Владата на Р.Македонија и избрани градоначаници во првиот изборен круг од коалицијата „За Подобра Македонија“ со цел да се даде подршка за кандидатот за градоначалник, но и да се изврши дополнителен притисок врз гласачите. Медиумската застапеност и еднаквиот третман од страна на медиумите беше еден од посериозните недостатоци на овие локални избори којшто имаше значително влијание врз крајниот исход на изборите. Имено, во сите општини беше евидентно отсуството на рамноправна застапеност и еднаков третман на кандидатите за градоначалници. Во сите општини беше нотирано дека кандидатите предводени од владејачката коалиција “За подобра Македонија” беа драстично повеќе застапени во споредба со кандидатите на останатите партии.

Кандидатите за градоначалници поддршката од граѓаните ја бараа преку традиционалните механизми и методи карактеристични за изборната кампања. Генерално земено, поддршката се бараше на митинзите коишто беа организираии во сите поголеми градови низ државата и преку претставување на своите програми пред граѓаните. Исто така, со цел да се добие што поголема поддршка кандидатите за градоначалници реализираа бројни посети и средби со граѓаните по принципот од врата до врата. Во самиот предизборен процес беа одржани бројни трибини и јавни дискусии на коишто граѓаните имаа можност да дискутираат со потенцијалните градоначачници за најгорливите проблеми во нивната општина. И покрај тоа што кандидатите за градоначалници ги имаа во предвид проблемите на граѓаните и во своите програми се обидоа да понудат решенија, сепак, останува сериозната забелешка дека политичките партии се заинтересирани да го слушнат мислењето на граѓаните исклучиво за време на изборните кампањи.

Слично со претходните изборни циклуси и на овие локалните избори повеќе преовладуваше негативната камапања фокусирана против своите политички противници, одошто позитивна кампања и промоција на своите проекти и тимови задолжени за нивна реализација. Како резултат на тоа, меѓусебниот однос беше карактеризиран како некоректен, исполнет со навредливи говори и недолична реторика. Кандидатите од двете најголеми коалиции не контактираа меѓу себе, не одржаа ниту една дебата или соочување и покрај многубројните покани и иницијативи од страна на опозициските кандидати. Спротивно на овие негативни практики во поголемиот дел од општините, во Берово и Штип односот беше оценет како фер и коректен од сите страни. Токму во овие две општини односот на јавните институции и служби (полиција, здравство, социјала) кон кандидатите за градоначалници и политичките партии беше оценет како коректен, додека во останатите општини беше констатирана злоупотреба на јавните должности и беше нотирана максимална инволвираност на институциите во корист на владејачката коалиција за време на изборниот процес.

Од аспект на заинтересираноста на граѓаните за изборниот процес и општата излезност податоците укажуваат на контрадикторни резултати. Од една страна, во сите општини постои висок степен на излезеност на денот на гласање (Велес 77%), а од друга страна постои недоволна заинтересираност на граѓаните во текот на изборниот процес и недоволна информираност за своите права и можности. Тоа пак, само по себе остава простор за понатамошна анализа на високата излезност и евентуалните методи (притисоци, закани, поткуп) користени  од страна на власта со цел да се влијае врз гласачите. Во најголем дел од општините не се одржале едукативни програми или обуки од страна на ДИК. Од аспект на потребата за обуки на гласачите, особено беше потенцирана алармантната состојбата со ромската популација како ранлива таргет група, со висок степен на неписменост, што во значителна мера го отежнува процесот на гласање и остава простор за манипулации.

Кога сé ќе се земе во предвид, изборната кампања е оценета како нефер и недемократска исполнета со бројни недостатоци. Посериозни неправилности од типот на прекршување на изборниот молк, купување на гласови, агитирање и заплашување, уцени и закани се регистрирани во општините Делчево, Велес, Кавадарци и Кочани. Во општините Берово и Штип и Неготино генералната оценка е дека изборањата кампања поминала во нешто попозитивна атмосфера, но сепак и таму се регистрирани неправилности.

**Изборниот ден и гласање**

Во најголемиот дел од општините процесот на примање на материјалот од страна општинскиот изборен комитет се одвивал регуларно. Во ниту една од општините не беа забележани проблеми со доверливиот материјал (гласачки ливчиња, извод од избирачкиот список, дневник за евиденција на настани, печат со број на гласачкото место и обрасци за записници). Во врска со недоверливиот материјал, (паравани за гласање, кутии за гласање, УВ лампа, батерии, спреј и перниче со мастило, упатство за гласање, сини пенкала, информативни постери, нумерирани пластични ленти, пликови за пакување, пластични вреќи со налепница) забележани беа помали проблеми, конкретно во општина Велес, регистрирани биле проблеми со УВ ламбите (слаби батерии), но биле превземени соодветни мерки, пришто гласањето продолжило со нормален тек. При секое примање на материјалот, истиот бил пребројуван од страна на избирачките одбори. Просторијата била правилно (според упатствата на ДИК) обезбедена во присуство на претставник од СВР. При примањето на материјалите се изготвувале записници за прием на материјалите од страна на избирачките одбори. Однесувањето на претседателот и членовите на избирачкиот одбор во сите општини е оценето како одговорно и професионално, а во согласност со прописите на Државната изборна комисија.

Високиот бројот на болни и изнемоштени лица во поглемиот дел од општините остава простор за сомнеж за тоа како била извршена селекцијата, односно како се одвивал самиот процес на гласање кај оваа категорија на гласачи. Во таа насока, во општина Делчево биле пријавени дури 502 болни и изнемоштени лица за гласање, а бил регистиран и случај кога болниот не бил пронајден во својот дом. Во општина Велес регистрирани биле 678, а во вториот круг нивната вкупна бројка пораснала на 878. Споредбата со парламентарните изборите во 2011, покажува дека во Велес во првиот круг имало 278, а во вториот 378 пријавени болни и изнемоштени лица за гласање. Ваквото драстично зголемување на бројот укажува на можноста за злоупотреба на овој механизам со којшто се овозможува сите граѓани да го дадат својот глас.

Изборните места во сите општини биле отворени точно на време во 7.00 часот со исклучок на општина Велес каде што во неколку избирачки места (ИМ 2173; ИМ 2158) отворањето било пролонгирано поради проблеми со избирачкиот список (недостаток на гласачки ливчина). Неправилности биле забележани во речиси сите општини поради присуство на пропаганден материјал во близина или непосредно пред самите избирачките места (флаери, билборди). Поради нивно отстранување во некои од општините (Делчево) гласањето било во краток прекин. Во општина Штип, и покрај тоа што е забележан пропаганден материјал пред самите избирачки места истиот бил навремено отстранет и не било одложено отворањето на избирачките места. Еден од ретките аспекти на локалните избори во 2013 година којшто поминал без посериозни забелешки во сите општини е техничката поставеност. Имено, просториите, кутиите и параваните биле поставени според договорот на избирачкиот одбор, а во согласност со инструкциите од Државната изборна комисија.

Самиот ден на гласање во поглемиот дел од општините поминал тензично со многубројни недостатоци и неправилности регистрирани внатре во самите избирачки места, но и надвор пред избирачите места. Најчести повреди и неправилности коишто се регистрирани во сите општини биле следниве: празни ливчиња зад параванот, фотографирање на гласачко ливче, помош при гласање на постари лица, агитирање на лица пред избирачките места, превоз со такси возила на гласачи, поткуп на гласачи од ромска националност, обиди за повеќекратно гласање, јавно гласање, неправилно користење на УВ ламбата. Во општина Кочани, во неколку избирачки места биле забележани неправилности во избирачкиот список (поголем број на гласачи недостасувале на списокот) поради што гласањето било во прекин се до надминувањето на неправилностите, а изборниот процес бил продолжен до 21.30. Во општина Велес (ИМ 2147) набљудувачите биле попречени во остварувањето на своите активности и отстранети од просторијата со образложение дека акредитациите издадени од ДИК не се доволни. Од нив било побарано да покажат и овластување што било сугерирано и од Општинската изборна комисија, додека информациите од ДИК биле спротивни. Генерално земено, односот на членовите на избирачкиот одбор во текот на изборниот ден бил оценет како коректен и во најголемиот дел од општините постоела соработка со општинските изборни комисии.

Уште еден податок кој укажува на непочитувањето на основите демократски вредности во изборниот процес вклучително и на нискиот степен на политичка култура е негативната улога на политчките партии, особено на партиите од владејачка коалиција “За подобра Македонија”. Имено, наместо промоција на фер и демократски избори, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ преку своите активисти и функционери во сите општини вршела поткупување и заплашување на граѓаните. Уште повеќе загрижува фактот што во ваквите процеси директно биле инволвирани и раководители на државни институции што претставува класична злоупотреба на службена дејност за време на изборниот процес. Злоупотребувајќи ја лошата економска состојба на граѓаните кои секојднево се борат за својата егзистенција, ВМРО-ДПМНЕ во непоштедната борба за власт го наруши достоинстовото на своите граѓани масовно делејќи пари, брашно, зејтин и вештачко ѓубре.

Процесот на броење на гласовите и пренесувањњто на избирачкиот материјал до ОИК претставуваат едни од ретките елементи од целокупниот изборен процес каде што не се евидентирани посериозни неправилности. Пренесувањето било соодветно спроведено со придружба на членовите на избирачките одбори и претставници од СВР. За неважечки биле сметани гласачките ливчиња со повеќе од еден заокружен број или каде беа прешкртани кандидатите на гласачкото ливче. Вообичаено, во најголем дел од случаевите кои се однесуваат на спорните гласачки ливчиња бил постигнуван договор. Од добиените податоци може да се констатира дека во општина Кочани имало најмногу неважечки гласачки ливчиња (1000), додека поголем број е регистриран и во Велес (900).

Локалните избори во најголемиот дел од општините се оценети како нефер и недемократски. Во текот на изборниот процес отсуствувала јасна дистинкција помеѓу локалната и централната власт. Притоа, особено доаѓала до израз поддршката на Владата за кандидатите од коалицијата “За подобра Македонија”. Исклучок се општините Берово и Штип каде што генералната оцена за целокупниот изборен процес е позитивна. Спротивно на тоа, во сите други општини за време на кампањата доминираше говорот на омразата којшто беше пропратен со лични деградации на политичките противници. Беше евидентен високиот степен на пристраност во медиумското покривање на активностите што резултираше со отсуство на базични предуслови за рамноправен натпревар помеѓу кандидатите.

## Повреди на изборното законодавство за време на локалните избори 2013

Александар Љ. Спасов

### Општа оценка

Локалните избори 2013 г. генерално се одвиваа согласно позитивните законски прописи и тоа пред се Изборниот законик на Република Македонија како и упатствата на Државната изборна комисија која е државен орган овластен за спроведување на изборите. Сепак беа забележани голем број неправилности односно прекршувања на изборното законодавтсво и тоа како за време на кампањата, така и на денот на одржувањето на изборите и во двата круга на гласање.

Генерален проблем за време на изборната кампања беше употребата на јавните финансии и јавниот имот за цели на кампањата односно преземање на активности кои не се дозволени со позитивните правни прописи, пред се законодавството кое се однесува на спречување на корупцијата, со што кандидатите за градоначалници од владеачките партии беа ставени во привилегирана положба во однос на другите кандидати. Втор значаен проблем за време на изборната кампања е неизбалансираното известување во инфомативните емисии како и нерамноправното претставување на кандидатите за градоначалници од страна на голем дел од медиумите (особено медиумите со национална концесија) со што се оневозможи фер кампања и еднаков пристап до јавните гласила наспроти препораките на регулаторното тело – Советот за радиодифузија и препораките на експертите од мисијата на ОБСЕ/ОДИХР.

Денот на гласањето и во двата круга помина мирно без забележителни инциденти иако беа забележани голем број неправилности, а пред се недозволена агитација, заплашување и обид за влијание на гласачите, поткуп, семејно гласање, нарушување на тајноста на гласањето итн. како и сомнежи за појава на т.н. избирачи туристи односно голем број на лица, државјани на Република Македонија и Република Албанија со постојано место на живеење во општина Пустец во Албанија кои непосредно пред заклучувањето на избирачкиот список го промениле своето место на живеење односно им биле издадени

лични документи со адреси претежно во општините Центар, Ресен и Охрид што укажува на можни злоупотреби во постапката за издавање на лични документи односно промена на адресата на постојаното живеалиште.

**Изборна кампања**

Како што беше истакнато, изборната кампања, за разлика од претходните изборни циклуси, помина без позначајни инциденти и во таа смисла немаше повреди на позитивните прописи. Значајни повреди на Законот за спречување на корупцијата во делот на прописите кои се однесуваат на користењето на јавните финансии и јавните ресурси за цели на кампањата се евидентирани во поголем број на општини. Така, можат да се констатираат исплати на субвенции за земјоделци, кои иако не се вонредни исплати (кои се забранети) туку редовни исплати предвидени со годишниот буџет, сепак беа извршени порано од предвидените рокови и се совпаднаа со периодот на изборната кампања и непосредно пред кампањата. Со тоа освен што беа повредени одредбите од антикорупциското законодавство, се наруши уставниот принцип за фер избори. Исто така беа евидентирани вонредни исплати или ветувања за исплати од страна на центрите за социјални работи во некои општини што исто така е повреда на антикорупциското законодавство. Беа забележани и повеќе случаи на започнување на инвестиции или градежни работи финансирани со буџетски средства. Јавните ресурси беа користени како од страна на голем дел од градоначалниците, така и од министри од владата за цели на изборната кампања. Беа забележани случаи на ангажирање на државни службеници во рамките на нивната работа во активности поврзани за изборната кампања, како и случаи на притисок врз државни службеници преку заплашување и закани и тоа како на ниво на централната администрација така и на ниво на општинската администрација. Во таа смисла, набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР констатира висок степен на споеност меѓу партијата (се мисли на владеачките партии) и државата.

Во однос на медиумското покривање на изборната кампања и претставувањето на кандидатите за градоначалници и советници се констатира неизбалансирано односно пристрасно покривање на изборната кампања (најчесто во корист на владеачката партија на централно ниво) и тоа како од голем број на електронските медиуми (со национална и

локална концесија), така и од печатените медиуми. Таквото однесување на медиумите е спротивно со демократската пракса, но и спротивно на препораките и упатствата на Советот за радиодифузија како регулаторно тело чии што упатства се обврзувачки за електронските медиуми.

**Спроведување на изборите**

Денот на изборите и во двата круга помина без инциденти и во таа смисла нема поведено постапки против лица за повреди на избирачкото право и гласањето. Во однос на приемот на избирачкиот материја (како на доверливиот така и на недоверливиот) на повеќето изборни места постапката за прием како и постапката за утврдување на уредност на избирачкиот материјал беа спроведени регуларно. Во помал број случаи е забележано вишок на избирачки ливчиња, кои се пријавени на општинските изборни комисии, како и недостаток на спреј или нефункционирање на УВ ламба. Повеќето недостатоци се отстранети во определниот рок и во таа смисла на најголемиот број на избирачки места гласањето започна во редовниот рок односно во 07 часот наутро. Значајно е да се нагласи дека на одреден број на места не им беше дозволено на дел од набљудувачите да го набљудуваат гласањето со изговор дека немаат оригинални овластувања од Државната изборна комисија што е спротивно на ставот на ДИК.

Во однос на самиот процес на гласање можат да се констатираат повеќе нерегуларности кои во голема мерка влијаат врз резултатот на изборите. Така, на повеќе места на денот на гласањето беше констатирано присуство на пропаганден материјал во радиус од помалку од 100 метри. Истиот на интервенција на членови на избирачкиот одбор беше отстранет, но на дел од избирачките места со задоцнување. На самите избирачки места од страна на набљудувачите беа пријавени повеќе случаи на недозволено фотографирање на избирачкото ливче, потоа случаи на оставени празни или заокружени ливчиња зад избирачките паравани, како и случаи на обиди за изнесување на гласачко ливче надвор од просторијата за гласање. Ваквиот тип на нерегуларности се индикација за можно постоење на систем за контрола на гласањето односно проверка на гласачите за кого го дале својот глас со што се нарушува тајноста и слободата на изјаснувањето и значајно се влијае врз изборниот резултат. Во однос

на можноста за помош при гласањето на неписмени или стари лица беа пријавени случаи на повеќекратно ангажирање на исто лице за помош спротивно на правилото дека едно лице може да им помогне најмногу на други две лица при гласањето. Конечно, во определен број случаи, претежно во руралните средини и на места каде што живее ромска и албанска популација, беа пријавени голем број на случаи на семејно гласање спротивно на одредбите во изборното законодавство.

Во помал број случаи беа забележани нерегуларности поврзани со некористење на УВ ламба, непотпишување на гласачот во избиралчкиот список или гласање без проверка на лична исправа. Исто така на денот на гласањето во помал број случаи имаше пријави од лица дека иако имаат регуларно издадени лични документи ги нема во избирачкиот список. Оваа состојба иако не е директна повреда на изборите, бидејќи избирачкиот список се затвора пред одржувањето на изборите, а избирачите имаат определен период кога можат да извршат увид во избирачкиот список, сепак укажува на непотполност на избирачкиот список и потреба од негово ревидирање за следните изборни циклуси.

Надвор од избирачките места беа пријавени случаи на недозволено присуство на неовластени лица пред избирачките места со цел за агитација пред гласањето, организирано превезување на гласачи до избирачките места (што е определн вид на агитација), но најсериозни беа повеќето сведочења за поткуп на гласачите во нивните домови или пред избирачките места. Имено, како најчести форми на поткуп беа пријавени делење на прехрамбени продукти, нафта, а беа пријавени и случаи на организиран поткуп со пари.

Во однос на избирачкиот список најсериозни индиции за можни неправилности се констатирани во однос на дополнувањето на списокот со голем број на новозапишани гласачи кои во релативно кус временски период (од најчесто 3-6 месеци пред денот на изборите) го промениле своето постојано живеалиште од општината Пустец во Албанија во општините Центар (Скопје), Ресен и Охрид. Иако, во принцип, државјаните на Република Македонија имаат уставно право на слободен избор на живеалиштето и слобода на движење сепак индикативно е дека во повеќето пријавени случаи се работи за неколку десетици лица кои имаат пријавено постојано живеалиште на иста адреса, а дел од нив дури и во станови во сопственост на државата. Исто така фотографски беше документирано

организираното пристигнување на овие лица на гласачките места како и нивно помагање од страна на неовластени лица при процесот на гласање. Ваквата состојба индицира постоење на основано сомневање за злоупотреба на службената положба при издавањето на личните документи.

Сите погоре констатирани повреди на изборното законодавство укажуваат на значајни недостатоци при спроведувањето на изборите и треба да послужат како основа за спречување на исти или слични повреди на изборните прописи во следните изборни циклуси.

## Заклучок и препораки

Дане Талески

Локалните избори во март и април 2013 беа прилично компетитивни избори. Според извештајот на ОБСЕ/ОДИХР биле поднесени “350 листи на кандидати за градоначалници и 480 листи на кандидати за советници, од страна на 16 политички партии, 8 коалиции и 97 групи на граѓани“.[2] Тоа значи дека просекот за една општина од осумдесет и петте каде се одржаа изборите е по 4.1 листа за кандидатите за градоначалници и 5.6 листи за кандидатите за советници. Ваквиот просек покажува дека постои политички плурализам и различни можности за граѓаните во секоја општина. Иако бројот на независни листи, односно листи на групи на граѓани не е мал, сепак спроед нашето истражување во најголема мера изборната трка се води меѓу кандидатите од поголемите политички партии. Но во најголем дел од општините забележано е и учество на кандидати од помалите политички партии како што се Демократската обнова на Македонија (ДОМ), Либералната Партија (ЛП) или Социјалдемократската Унија (СДУ).

Во најголем дел од изборната кампања политичките партии ги користата истите интрументи за комуникација со гласачите. Тоа се разни средби со граѓани и митинзи, кампањи од врата на врата, делење на предизборен материјал (програми, летоци, промотивен материјал), како и закуп на печатен простор и време во електронските медиуми. За време на локалните избори забележана е зголемена употреба на социјалните медиуми, пред се Facebook, а донекаде и Twiter. Најчество во предизборната кампања доминирала еднонасочната комуникација. Политичките партии биле повеќе заинтересирани да влијаат и да ги убедат граѓаните да гласаат за нив отколку да ги слушнат нивните ставови и интереси. Иако ова е очекувано во еден предизборен период, сепак е индикативно за местото и улогата на граѓаните во изборниот процец.

Во голем дел граѓаните биле добро информирани за своите права, со исклучок на некои помали маргинализирани групи (социјално исклучени или припадници на Ромската популација). Останува силен впечатокот дека граѓаните не се во можност во предизборниот

2 Извештај на ОБСЕ/ОДИХР, стр. 4.

период, односно во текот на изборната кампања, сериозно да го наметнат својот став и мислење. Можеби затоа во најголема мера програмската понуда на политичките партии односно на кандидатите останува недоволно развиена или е поттисната во втор план. Во голем дел од општините кандидатите за градоначалници имале изработено политички програми фокусирани на проблемите во општината и можностите за развој. Но впечаток е дека програмите не биле доволно промовирани. Впечатокот е дека промовирањето на програмите, како позитивен пристап, бил во сенка на меѓусебните критики и политички напади, како негативен пристап. Од друга страна, негативната политичка кампања го зајакнува антагонизмот, го спушта нивото на политичкиот дискурс и остава долгорочни последици на политичка поделеност.

Во однос на медиумското претставување, слично на заклучоците на ОБСЕ/ОДИХР, и нашето истражување покажува значајна доминација на ВМРО-ДПМНЕ во електронските медиуми. Ова важи за медиумите и на национално и на локално ниво. Доминацијата, односно поголемата застапеност и видливост на ВМРО-ДПМНЕ во однос на СДСМ, се забележува на два начина. Првиот начин е преку поголем закуп на рекламен простор, во печатените и електронските медиуми. Тоа остава впечаток дека трошокот на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ е поголем од трошокот на кампањата на СДСМ. Во ситуација кога начините на финансирање на изборната кампања се исти за сите политички партии останува нејасен капацитетот на владејачката партија да собере повеќе финансии од опозицијата. Вториот начин е преку добивање на поголем простор при прилозите во информативните програми на медиумите, односно поголемо известување за активностите на ВМРО-ДПМНЕ во предизборниот период отколку за активностите на СДСМ. Најголем дел од медиумите кои ја имаат оваа пракса покажуваат јасна пристрасност и фаворизирање на една политичка опција.

Нееднаквоста во медиумското претставување е само еден од елементите кои ја поддржуваат аргументацијата дека локалните избори не беа фер и демократски. Друг елемент е отвореното поддржување на кандидатите на владејачката ВМРО-ДПМНЕ од страна на носителите на јавни функции и раководители на јавни институции на национално и локално ниво. Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР слично го посочува проблемот што се јавува во тој случај кога нема јасна одвоеност помеѓу партијата и државата. Во голем дел од општините опфатени со нашето истражување можеше да се забележи дека јавните службеници беа

ставени во служба на кандидатите на владеачката партија. На пример, во вториот круг на изборите во Велес беше забележано присуство на министри и избрани градоначаници во првиот изборен круг. Во голем дел од општините кандидатите за градоначалници на владејачката ВМРО-ДПМНЕ биле придружувани и од директори на подрачни единици на министерството за земјоделие, односно директори на Центрите за социјална заштита. Ваквата манифестирана блискост е директна порака за корисниците на јавни услуги од овие институции. На тој начин користењето на јавна услуга станува инструмент за влијание врз изборната волја на граѓаните. Ваквата пракса беше видлива во текот на изборната кампања и на денот на гласање, а посебно се интензивира меѓу двата круга на гласање. Јавни услуги и различни јавни добра или ресурси беа нудени во размена за поддршка на кандидатите на владејачката партија. На тој начин место функционирање на демократијата и слободно изразување на волјата на граѓаните како би се избрале легитимни политички претстаници, добиваме процес на уценување, присилување и купување на изборната волја. Тоа е уште еден елемент што покажува дека локалните избори не беа фер и демократски.

Злоупотребата на јавните институции и ресурси од страна на ВМРО-ДПМНЕ има различни манифестации, но праксата се повторува како правило во различни општини. На пример, во Струмица се забележува злоупотреба на моќта на Центарот за социјални работи. Во Охрид се користеле службени телефони и возила за партиски потреби на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ. Додека во Прилеп и Ресен сомнителна е исплатата на субвенциите на два дена пред изборите, кои никогаш не биле исплаќани во тој период од годината.

Во однос на спроведувањето на изборите, и самиот ден на гласање, се беше во ред со доставата на изборниот материјал. Забележани се различни проблеми со гласање на болни и изнемоштени лица. Најпрво има значителен пораст на бројот на пријавени вакви гласачи, а некаде имало и несоодветно спроведен изборен процес (на пр, гласање во нивно име од други членови на семејството, или несоодветно прибележување во изборниот список). Како илустрација за зголемувањето на бројот на пријавени болни и изнемоштени лица може да се земе општина Велес каде во првиот круг биле регистрирани 678 болни и изнемоштени лица, а во вториот круг нивната вкупна бројка пораснала на 878. За споредба за време на парламентарните изборите во 2011, во Велес во првиот круг имало 278, а во вториот 378 пријавени болни и изнемоштени лица за гласање. Останува нејасно на што се должи

зголемувањето на бројот, но самиот факт отвора простор за сомнеж околу можни манипулации со гласачите.

Гласањето на денот на изборите најчесто започнало на време и без поголеми проблеми. При почетокот најчест проблем било постоењето на предизборен материјал во близина на избирачките места, кој бил отстранет со соодветна интервенција. Во неколку општини забележан е недостаток на гласачки ливчиња, што упатува на постоење на можни процеси и инструменти за контрола на гласачкиот процес. Како дополнување на ова, во повеќе општини се забележани и пријавени случаи на фотографирање на избирачкото ливче. Претходно заокружено гласачко ливче кое кружи и фотографирање на избирачкото ливче се јасни индикатори на постоење на развиен систем за влијание и контрола на изразената волја на граѓаните. Од друга страна во многу општини забележани и пријавени се случаи на агитирање во близина на избирачките места, најчесто од страна на членови и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, како и носители на јавни функции или раководители на јавни институции на национално и локално ниво односно членови на нивните потесни семејства. Вклученоста на ваквите структури во манипулацијата со изборната волја на граѓаните на денот на гласање се случува на различни начини, но е постојана и се забележува во различни општини. Покрај агитирањето, се случува овие луѓе директно да се закануваат или да уценуваат дека граѓаните нема да ги добијат јавните услуги кои им следуваат доколку не гласаат за кандидатите од нивната политичка партија. Дел од ваквите структури на владејачката партија се вклучени во групно организирање и пренесување на гласачи до нивните избирачки места, што претставува кривично дело и брутална повреда на изборникот законик.

Посебен проблем во текот на локалните избори забележан е со избирачкиот список. Во некои општини забележано е дека индивидуалните гласачи ги нема, или нема цели семејства. Во Кочани е забележан можеби најдрастичен пример каде ги немало гласачите од цела една улица. Од друга страна во избирачкиот список проблематично е постоењето на гласачи кои се македонски државјани, но живеат во Република Албанија во областа Мала Преспа. Иако како државјани на Република Македонија тие имаат право на глас, нејасно е како добиле лични документи кои укажуваат дека тие имаат постојано живеалиште во Македонија, кога најголем дел од времето тие го поминуваат во Република Македонија. Како што е посочено во правната анализа, тоа упатува на повреди при постапката за издавање на

лични документи. Големи групи на вакви гласачи беа забележани и пријавени во општините Ресен, Охрид и Центар. Голема е веројатноста целата операција на гласачите од Мала Преспа да е во организација на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, која злоупотребувајќи ја службената должност дозволува луѓето од Мала Преспа да добијат соодветни лични документи за да можат да гласаат на локалните избори. Овој аргумент е потврден од фактот што во најголема мера гласачите од Мала Преспа се носат на гласање со организиран превоз и истите се спроведени до избирачките места. Нивниот пример претставува еклантантен доказ за постоење на строго контролиран систем за злоупотреба и манипулација на изборната волја на граѓаните. Затоа е силна оцената дека локалните избори не беа фер и демократски.

По завршувањето на гласањето, во најголем дел од општините немало проблеми со пребројувањето. Исклучок се некои избирачки места во Кисела Вода и Ѓорче Петров, каде што снемало струја во објектите каде биле избирачките места во моментот кога гласањето требало да започне. При пребројувањето во некои општини е забележано зголемување на бројот на неважечки ливчиња. Во други општини забележано е дека на гласачкото ливче има изразување на гласачката волја, но со одредена сигнализација. На пример, на некои гласачки ливчиња забележани се разни геометриски форми, а на други било употребувано мастило во различна боја (зелена, црвена) и сл. Ваквата сигнализација уште еднаш упатува на постоење на систем за контрола на изборниот процес и манипулација со слободната волја на граѓаните. Тоа е уште една потврда за главниот заклучок дека, за жал, локалните избори во 2013 не беа фер и демократски.

Препораките кои ги даваме се однесуваат на четири сегменти на изборниот процес каде се забележани најмногу проблеми при спроведувањето на изборниот процес. Истите ги даваме со надеж дека ќе бидат прифатени и дека ќе се подобри системот за да граѓаните можат слободно да ја изразат својата волја и да ги изберат политичките претставници без ограничувања.

Првиот сегмент на препораки се однесува на медиумите. Медиумите во информативните прегледи мора да ги третираат со подеднаква важност големите политички актери, а должни се да даваат известувања и за помалите политички партии. Никој не би требало да влијае врз уредувачката политика на медиумите, така да во тонот или во коментарите секој од медиумите и новинарите би бил слободен да го искаже своето лично мислење и со тоа, ако

сака, и своите лични преференци. Медиумите и новинарите би требало да знаат дека се клучен и составен дел од демократијата. Нивната функција ги поврзува граѓаните и политичарите. Им овозможува мост за комуникација, и подеднакво поле за натпревар на партиите. Ако најголем дел од медиумите, по своја волја или под присила, заземат страна тогаш нивното фаворизирање не создава услови за фер и демократски избори. Освен тоа, би требало да се ограничи можноста за закуп за медиумски простор и време од страна на политичките партии. Намалувањето на можноста за купување на рекламно време ќе ја намали можноста за изборна корупција, а ќе ја намали и лошата пракса медиумите да бидат донатори на политичките кампањи преку отстапување на медиумски простор.

Вториот сегмент на препораки се однесува на одвојувањето на државата од партијата. Секое појавување на носител на јавна функција односно раководител на јавна институција со кандидатите на политички партии праќа порака до гласачите. Таквата пракса треба да престане, а би било упатно да се забрани и да се направи казнива. Освен тоа, уцените и заканите дека ќе се загубат јавните услуги односно користењето на јавни ресурси да се користи за присила на граѓаните и со постоечките закони е кривично дело кое е казниво. Ваквите постапки, од кои голем дел се пријавени, треба да бидат ригорозно истражени и казнети од страна на надлежните институции.

Третиот сегмент на препораки се однесува на избирачкиот список.  Иако изгледаше како добра идеја можноста избирачкото право да се остварува само со биометриски документи, во пракса тоа не е најдобро спроведено. Надлежните институции мора да истражат како е можно државјаните на Република Македонија, кои живеат во Мала Преспа, Република Албанија, да имаат лични документи со постојано живеалиште во општина во Македонија. Секоја злоупотреба на службена должност во ваквите случаи треба да биде казнета. Освен тоа, треба одново да се провери веродостојноста на избирачкиот список и да се утврди методологија за негово прочистување. Треба да се истражи како се случило поединци, или цели семејства, кои имаат уредно извадени биометриски лични документи да ги нема во избирачкиот список, односно како се случило цели улици да ги нема во списокот.

Четвртиот и последен сегмент на препораки се однесува на повредите на изборниот процес кои се случуваат на денот на гласање. Во голема мера повредите, кои како редовна и добро

организирана пракса се забележани во повеќе општини, веќе се опфатени во постоечкото законодавство. Покрај тоа, казните за голем дел од тие повреди беа драстично зголемени во обид да се намалат штетните влијанија кои ги загрозуваат интегритетот и демократичноста на изборниот процес. Но сега проблемот се јавува во спроведувањето на законот. Неопходно е надлежните јавни институции (Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство и судовите) да го применуваат релевантното законодавство неселективно и непристрасно. Во спротивно нејасно е зошто при голем број на пријавени и регистрирани случаи на сериозни повреди на изборниот процес, нема соодветни законски процеси кои ќе ги санкционираат тие поведенија? Доколку нема соодветна примена на релевантните законски процеси, голема е веројатноста да се создаде култура на неказнување. Така во иднина наместо подобрување на демократијата и зголемено учество и влијание на граѓаните во политичките процеси, ќе имаме деградирање на демократијата и намалување на учеството и влијанието на граѓаните.

**За авторите**

Дане Талески е поранешен извршен директор на Институтот за социјална демократија “Прогрес“. Тој е докторант на политички науки на Централно европскиот универзитет (ЦЕУ) во Будимпешта.

Мила Царовска е Претседател на Македонската платформа против сиромаштија (МППС). Таа е програмски координатор во ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување. Магистрант на Јавно здравје на Медицинскиот факултет во Скопје.

Катерина Касовска е практикант во Институтот за социјална демократија “Прогрес“. Таа е магистрант на јавна политика на Политички Науки на Правниот факултет “Јустинијан Први“ на универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Мартин Печијарески беше истражувач во Институтот за социјална демократија “Прогрес„. Тој е магистер по политички науки на Централно европскиот универзитет (ЦЕУ) во Будимпешта.

Александар Љ. Спасов е програмски менаџер во Институтот за социјална демократија “Прогрес“. Тој е докторант по правни науки на универзитетот во Марибор.

# **АНЕКС**

## ПРАШАЛНИК

### “Улогата и местото на граѓаните во изборниот процес”

Ве молиме секое прашање одговорете го со најмалку неколку реченици. Би сакале да добиеме опширни и сеопфатни одговори на секое прашање. Би било корисно ако може да дадете конкретни примери од Вашата општина.

**Перидот на изборната кампања**

1. Колку кандидати за градоначачник имаше во Вашата општина и од кои партии? Колку листи за советници имаше во Вашата општина и од која партија?

2. На кој начин граѓаните добиваа информации во вашата локална средина за кампањите на политичките партии?

3. Кои кандидати најмногу се истакнуваа во кампањата и зошто?

4. Дали кандидатите беа подеднакво претставени на медиумите во вашата општина, или во медиумите на национално ниво, или некои беа повеќе застапени од другите?

5. Како кандидатите и партиите се обидуваа да ја добијат поддршката од граѓаните?

6. Како би го опишале односот на кандидатите за градоначалници и партиите едни спрема други?

7. Како би го опишале односот на јавните институции и служби (на пр, полиција, здравство, социјала) кон кандидатите за градоначалници и политичките партии?

8. Според вас, колку кандидатите и партиите имаа разбирање за проблемите на граѓаните и колку понудија соодветни решенија во нивните политички програми?
9. Колкав беше интересот на граѓаните за локалните избори? Колку беа граѓаните запознаени со нивните права како гласачи? Доколку знаете напипишете, дали и какви активности имаше во вашата општина за да се информираат граѓаните за нивните права (на пр од стрна на Државната изборна комисија или некои други организации)?

10. Која е вашата генерална оцена за изборната кампања во вашата општина?

**Изборниот ден и гласање**

1. Опишете како одеше процесот на прием на материјалот во избирачките одбори во вашата општина во саботата на 23.03.2013. Дали бевте известени на време? Дали присуствувавте? Дали беше се во ред со доверливиот материјал (гласачки ливчиња, извод од избирачкиот список, дневник за евиденција на настани, печат со број на гласачкото место и обрасци за записници)? Дали беше се во ред со недоверливиот материјал (паравани за гласање, кутии за гласање, УВ лампа, батерии, спреј и перниче со мастило, упатство за гласање, сини пенкала, информативни постери, нумерирани пластични ленти, пликови за пакување, пластични вреќи со налепница) Дали ливчињата беа изброени? Дали просторијата беше правилно обезбедена? Дали имаше некакви проблеми и какви? Дали беше направен записник за приемот?

2. Како се однесуваа членовите на избирачкиот одбор при приемот на изборниот материјал? Како се однесуваше претседателот на избирачкиот одбор?

3. Колку болни и изнемоштени лица имаше пријавено за гласање во Вашата општина? Како одеше процесот на нивното гласање? Какви проблеми и неправилности беа забележани во тој процес? Како постапија членовите на избирачкиот одбор во однос на неправилностите?

4. Во неделата, 24.03, дали имаше забелешки за тоа како се поставени просториите за гласање (на пр, дали биле добро поставени параваните и кутиите, дали информативните постери биле на јасно видливи места)? Дали имавте забелешки дека имало промени во просториите за гласање?

5. Опишете како почна гласањето во вашата општина. Дали почна на време? Дали имаше пропаганден материјал од политички партии во близина на избирачките места? Дали кутиите беа празни?

6. Опишете, опширно, како одеше гласањето во текот на денот. Кои беа најчестите повреди и неправилности што беа забележани во вашата општина? Какви примери кажуваа набљудувачите? Како се однесуваа членовите на избирачките одбори за да ги отстранат неправилностите? Како се однесуваше општинската изборна комисија? Каква беше соработката меѓу општинската изборна комисија и избирачките одбори? Дали членовите на избирачкиот одбор имаа право да ги стават сите преговори во записниците? Дали набљудувачите од невладини организации имаа право да ставаат забелешки во дневникот за евиденција на настани?

7. Како се однесуваа политичките партии во текот на гласањето? Дали имаше примери за агитирање пред избирачките места? Дали имаше ветувања, обиди за поткуп и заплашување на граѓаните?

8. Според вас кои беа најчестите проблеми заради кои граѓаните не беа во можност да гласаат? Што е тоа што правеше пречки или им создаваше проблеми во слободното гласање на граѓаните?

9. Опишете како течеше процесот на броење на гласовите во вашата општина и како заврши целиот процес. Кои беа најчестите проблеми и нерегуларности при процесот на броење? Кои ливчиња се сметаа за неважечки, и колку такви ливчиња имаше во вашата општина?

10. Опишете како течеше процесот на пренесување на избирачкиот материјал, по пребројувањето на гласовите, до општинската изборна комисија. Дали и какви проблеми и неправилности имаше во тој поглед?

11. Која е вашата генерална оцена за локалните избори во вашата општина?